СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

# Извештај за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Новаци

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 19-323/1 од 14.01.2020 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 19-323/2 од 14.01.2020 година, изврши надзор на спроведувањето на законите од областа на животната средина на општина Новаци.

Согласно постоечката состојба со вирусот КОВИД 19 и неможноста да се изврши надзор во општините на лице место, надзорот е извршен врз основа на пополнување на Прашалник подготвен од МЖСПП односно врз основа на добиен пополнет прашалник од страна на општина Новаци.

Прашалникот е потпишан од градоначалникот на општината Љубе Кузманоски.

Во однос на обврските околу подготовка и спроведување ЛЕАП-от општината Новаци има донесено ЛЕАП во 2009 година кој е со изминат рок, тело за следење на имплементацијата на ЛЕАП-от не е формирано.

Активностите кои произлегуваат од Законот за животна средина а кои се однесуваат на издавање на Б интегрирани еколошки дозволи се спроведуваат од страна на општината, наведено е дека во општината има само една постоечка Б инсталација за која се издадени Б-интегрирана еколошка дозвола и Дозвола за усогласување со оперативен план.

Очигледно е дека општината не располага со доволен капацитет за водење на оваа постапка и не постапила правилно со оглед на тоа што овластеното лице за БИЕД е истовремено овластено и за овластен инспектор за животна средина, што не се прифаќа истовремено да биде овластено и за комунални работи, овластување за советник за одобрување на елаборати за животна средина и други дополнителни работи кои се спротивни со вршење на инспекциска дејност

Надворешен план  за вонредни состојби не е донесен.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

Во врска со постапката за одобрување на елаборати за животната средина утврдено е дека во општина Новаци се одвива постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина. Во 2019 година се одобрени 2 елаборати, 3 се во постапка. Додека во 2020 година има одобрено еден елаборат и уште еден е во постапка а уште 3 чекаат на одобрување.
Капацитетот на општината со кој располага во делот на постапката за одобрување на елаборати истата која е спомената погоре во текстот. Се води електронски регистер на одобрени елаборати.
Општина Новаци не води катастар за животна средина.
Општината Новаци нема воспоставено меѓуопштинска соработка.

Општината Новаци има донесено план за управување со отпад за период 2014-2019 кој е со изминат рок. Програма за управување со отпад не е донесена. Општината нема одредено локација за претоварна станица. Не е подготвен консолидиран извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности во делот управување со отпад. Нема пропишано посебни правила за постапување со отпад содржани во програмата за управување со отпад. На територијата на општината функционира ЈП Комунална хигиена Новаци кој врши собирање и транспорт на отпад. Не постои локација за одлагање на инертен (градежен) отпад. Општина Новаци нема определено локација за неопасен и комунален отпад. Општината нема информативен систем на локално ниво со кој се обезбедува собирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со отпадот. Други активности во врска со управувањето со отпадот не се превземени.

Советот на општина Новаци има изготвено оперативен план за заштита од поплави на загрозени подрачја во општината Новаци, за кој има добиено согласност од МЖСПП. Општината има основано ЈП за водоснабдување со вода за пиење. Други активности во врска со Водите не се превземени

Во однос на бучавата Општината Новаци нема преземено соодветни активности.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги дава следните препораки:**

-Комисијата констатира дека надлежностите од областа на животната средина минимално се спроведуваат односно многу малку од она што е предвидено со законите од областа на животната средина и за сите прашања поврзани со животната средина се ангажира еден вработен.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ
РАБОТИ

- Комисијата дава препорака во општината итно да се пополнат работните места кои се поврзани со животна средина како и раководител на одделение за животна средина и да се превземаат сите надлежности кои произлегуваат од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина.

- Да се обезбедат различни вработени кои ќе работат во областа заштита на животната средина односно за одобрување на елаборати за заштита на животната средина и издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи, и овластен инспектор за животна средина при што постапките да се спроведуваат целосно и правилно

- Општината веднаш да започне со спроведување на надлежностите кои досега не се спроведувале

-Комисијата дава препорака во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина, со цел зајакнување на капацитетите во оваа општина.

-Потребно е општината да ги превземе предходно наведените укажувања и во рок од 6 месеци и да го извести МЖСПП во однос на истото. Во спротивно министерството ќе биде принудено да постапи согласно член 212 од Законот за животна средина односно да ја одземе надлежноста на општината за сметка на општината.

Скопје, 16.10.2020 година

Претседател на Комисија
за вршење надзор на законитоста на работата
на органите на општината, на градот Скопје и
на општините во градот Скопје
Тања Пауновска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ
РАБОТИ


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk